РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1635/1
28-05-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18-та седница одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-2410/1 од 11.09.2024 година, поднесена од проф.д-р ----------------------------, во која укажува на наводи за сомневање за неправилности во постапката за избор на лицето д-р ------------------------------------------ во звањето вонреден професор од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија во Медицинскиот факултет при Унизерзитетот „--------------------------------" во -------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-2410/1 од 11.09.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по оформен предмет по пријава со број 12-2410/1 од 11.09.2024 година, која е поднесена од --------------------------, вонреден професор по интерна медицина и хематологија во Медицинскиот факултет при Универзитетот „---------------------------------" -------------.
Подносителот во пријавата изнесува наводи за сомневање за незаконитости во врска со спроведување на Конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија во постапката за избор на наставник по предметите по интерна

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

медицина и хематологија во Медицинскиот факултет при Универзитетот „-----------------------------------“ ------------, како незаконитости во работата на Рецензионата комисија постапувајќи по основ на предметниот конкурс.

Според посносителот на пријавата, Рецензионата комисија не постапила согласно законот, особено претседателката на комисијата проф.др.------------------------, која спротивно на закон и на штета на сега подносителот споделила нејзини лични податоци и реферат со противкандидатката, односно со ------------------------------------, за која и донела позитивна рецензија.

Имено на 16.07.2024 година, претседателката на Рецензионата комисија, преку емаил, побарала од тројцата пријавени кандидати да ги достават потребните Образци за избор и евалуација во рок до 01.08.2024 година. На ден 31.07.2024 година, согласно барањето на претседателката, кандидатката ----------------------------- ја доставила својот Реферат со потребните образци преку емаил до претседателката на Комсијата, а истата на 01.08.2024 година нејзиниот емаил го препратила до другиот противкандидат, односно до веќе избраната кандидатка проф.др. ---------------------------------------------.

Според подносителот на пријавата, Рецензентската комисија извршила несоодветно и неправедно бодирање на пријавените кандидати.

Подносителот во пријавата бара да се поништи Одлуката за избор на проф.др. ------------------------------------ за наставник по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија, донесена од Наставно-научниот совет на Медицинскиот Факултет во --------------.

Со цел утврдување на фактичката сотојба по оформениот предмет и имајќи ги во предвид сознанијата дека до Државниот просветен инспекторат е поденесена пријава со исти наводи, ДКСК се обрати со барање од каде побара да се достави информација и прилог докуменатција за преземените дејствија во врска со конкретниот случај.

На ден 07.11.2024 година, Државниот просветен инспекторат достави информација со прилог документација до ДКСК.

ДКСК изврши увид во доставената документација, при што утврди дека на 02.10.2024 година, Државниот просветен инспекторат извршил инспекциски надзор, во врска со спроведена постапка за избор на лицето проф.др. ---------------------------- за наставник во наставно-научно звање вонреден професор од наставно-научните области интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија, врз основа на објавен Конкурс во Медицинскиот факултет при Универзитетот „-------------------------------“ --------------.

Конкурсот било објавено во две дневни весници Македонија и Коха од 05.02.2024 година, на кој се пријавиле тројца кандидати: насл.вон.проф.д-р -----------------------------, сор.д-р -------------------------------- и нас.проф.д-р ---------------------------.

Наставно-научниот Совет на Медицинскиот факултет, со одлука бр.-----------/--- донесена на 10.07.2024 година, ја формирала Рецензентската комисија во состав на проф.др.Ирина Пановска Ставридис, проф.др. Злате Стојановски, проф.др. Александра Пивкова Велјановска, проф.др.Андон Чибишев и проф.др. Христо Пејков, која ги оценила научните трудови на пријавените кандидати на конкурсот.

ДПИ констатира дека во Заклучокот и предлогот на Рецензетскатата комисија, кандидатката д-р --------------------------, едногласно е предложена до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во ------------, да биде избрана во звање вонреден професор на наставно научните области интерна медицина и хематологија, објавен во Билтен на Универзитетот бр.--------- од 01.09.2024 година со вкупно 755,031 поени.
Кандидатката д-р ---------------------, поднела приговор до Деканот на Медицинскиот факултет и истиот е објавен во Билтенот на Универзитетот бр.1314 од 15.09.2024 година.
По поднесениот приговор, рецензентите имаат дадено одговор со што го потврдуваат Заклучокот во рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот со бр.-------- од 01.09.2024 година и предлага до Наставно научниот совет д-р ---------------------------------- да биде избрана во звањето вонреден професор на наставно научните области интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија.
Врз основа на одговорот и Предлог-одлуката на Рецензетската комисија, Наставно-научниот Совет донел Одлука со бр.-------/--- од 25.09.2024 година за избор во наставно-научно звање вонреден професор од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, здравствена нега и хематологија на кандидатот проф.др.----------------------------.
Наставно научниот совет повторно ја усвоил претходната Одлука на Рецензентската комисија и тоа од вкупно 81 членови , две биле воздржани, против немало и д-р ---------------------------------- била избрана за вонреден професор.
Во однос на наводите за несоодветно бодирање на пријавените кандидати од Рецензенската комисија, инспекторот констатира дека се работи за дискреционо право на членот на Рецензенската комисија, за кое што ДПИ нема надлежност да постапува. Видно од приложената документција, инспекторот констатира дека во врска со бодирањето, се работи за два различни конкурсии и комисии и бодирањето во Билетнот на Универзитетот е извршено од две различни Рецензентски комисии, односно д-р ---------------------------- е бодирана за наставник, а д-р ---------------------------- е бодирана за виш научен соработник.
Постапувајќи во конкретниот случај, ДПИ не утврди неправилности во работењето на субјектот, при што ја запирал постапката.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата